# *И З В Е Ш Т А Ј*

## ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈСП СКОПЈЕ ВО 2008 ГОДИНА

**СКОПЈЕ,**
**МАРТ, 2009 ГОД.**

***Јавно Сообраќајно Претпријатие СКОПЈЕ***
***Булевар Александар Македонски 10, 1000 Скопје***

***Телефон/факс++ 389 2 3174-264 / 3174-260***
www.jsp.com.mk / e-mail: jsp1@jsp.com.mk

# С О Д Р Ж И Н А

**I . Вовед**

**II. Превозни капацитети и физички обем на услуги**
- II. 1. **Превозни капацитети**
- II. 2. **Физички обем на услуги**
- II. 3. **Сообраќајни незгоди**
- II. **4. Инциденти**
- II. 5. **Ремотно – сервисни услуги**

**III . Остварени финансиски резултати**
- III. 1. **Вкупен приход**
- III. 2. **Расходи**

**IV . Биланс на состојба**

**V . Инвестиции во основни средства**

**VI . Вработени**
- VI. 1. **Структура на вработени**
- VI. 2. **Искористеност на работно време**
- VI. 3. **Исплатени плати**

**VII . Заклучни оценки**

# ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

| | |
|---|---|
| **Име на претпријатието:** | **Јавно Сообраќајно Претпријатие СКОПЈЕ - Скопје** |
| **Скратен назив на Претпријатието:** | **ЈСП СКОПЈЕ – Скопје** |
| **Датум на основање:** | **17.01.1948 година** |
| **Форма на организирање:** | **Јавно претпријатие** |
| **Организациона поставеност:** | **Две авто бази и три сектори** |
| **Адреса:** | **Булевар Александар Македонски бр. 10 Скопје** |
| **Телефон:** | **3174-260; 3174-265; 3174-264** |
| **Телефакс:** | **3174-260; 3174-265** |
| **Директор:** | **Дипл. правник Александар Бошковиќ** |

# I. ВОВЕД

**ЈСП СКОПЈЕ повеќе од шест децении е препознатлив белег на урбаното живеење на градот Скопје. Со своето професионално искуство, одговорност и изградена работна култура, на граѓаните на градот секојдневно им обезбедува сигурен, редовен, безбеден и евтин превоз.**

**ЈСП работи на принцип на стабилност, ефикасност и орджливост на јавниот превоз со акцент на неговата социјална димензија. Своето работење го базира на почитување на постоечките закони, фискална транспарентност, информативност и отчетност за резултатите од работењето.**

**Членка е на UITP – Меѓународна организација на јавен транспорт која на светско ниво ги обединува јавните транспортни превозници.**

**Во текот на своето шест деценискo постоење ЈСП го воспостави и изгради јавниот транспортен систем во Скопје на сите нивоа – возниот парк, мрежата на линии, распореденоста и опременоста на постојките, тарифниот систем, системот на наплата, мрежата на продажни пунктови, контролата на превозот, сервисирањето на возилата итн., следејќи и применувајќи ги светските стандарди за оваа дејност.**

**Продорот на сивата економија во овој сектор во периодот на транзиција предизвика дерегулација, стагнација и назадување на јавниот превоз, што денес резултира со:**

- **паралелна мрежа на линии од приватни превозници кои покриваат дел од мрежата што ја одржува ЈСП,**
- **неконтролиран број на возила по сообраќајниците и дуплирање на капацитетите,**
- **целосно амортизиран возен парк кај сите превозници и неможност за негова обнова,**
- **руинирана урбана опрема,**
- **огромен сообраќаен метеж и неред.**

**Напорите да се воведе ред во дејноста и почитување на регулативата се безуспешни, а хаосот во јавниот превоз зафаќа се пошироки размери – се е поголем бројот на нелегални такси, комби и автобуски превозници.**

**Ваквото работно опкружување, третманот на јавно претпријатие чија основна цел е исполнување на посебни општествени потреби, социјална цена на превоз и работење на принцип на самофинансирање во пазарни услови на стопанисување во кои доминира нелојална конкуренција, го доведоа ЈСП во тешка економска состојба - неможност за сервисирање на тековните трошоци, акумулирање на долгови, остварување загуби и отсуство на минимална развојна компонента.**

**Изминатите две години Владата на РМ и Советот на Град Скопје направија неколку исклучително значајни чекори во правец на стабилизирање на состојбата на претпријатието и на јавниот превоз во градот и тоа:**

- **враќање на стапката на ДДВ за јавниот транспорт од 18% на 5%,**
- **одобрување на субвенции за тековно работење на ЈСП од страна на Советот на Град Скопје и**
- **иницијатива на Владата на РМ за обновување на возниот парк на ЈСП со 300 нови автобуси.**

**Ваквите позитивни трендови одат во правец на материјално – финансиската консолидација на претпријатието и во прилог на напорите за обезбедување модерен, функционален и економичен јавен превоз во согласност со европските директиви и стандарди.**

# II. ПРЕВОЗНИ КАПАЦИТЕТИ И ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА УСЛУГИ

## II.1. ПРЕВОЗНИ КАПАЦИТЕТИ

### СОСТОЈБА НА ИНВЕНТАРНИТЕ ВОЗИЛА НА 31.12.2008 ГОД.

Таб.1

| Р.бр. | Тип на автобусот | Соло автобуси | Зглобни автобуси | Вкупно автобуси | Стр. во % | Просечна стар. во години |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Санос | 194 | 77 | 271 | 73,0 | 18,36 |
| 2. | Лејланд | 2 | | 2 | 0,5 | 32,97 |
| 3. | Икарус | 60 | 24 | 84 | 22,7 | 19,72 |
| 4. | Застава минибуси | 14 | | 14 | 3,8 | 8,5 |
| 5. | Вкупно (1+4) | 270 | 101 | 371 | 100,0 | 18,38 |
| | Учество % | 72,8 | 27,2 | 100,0 | | |
| | Р.Е.Автокоманда | 141 | 46 | 187 | 50,4 | 18,42 |
| | Р.Е.Ѓорче Петров | 129 | 55 | 184 | 49,6 | 18,34 |
| 6. | Туристички автобуси | 6 | | 6 | | 12,32 |
| | Вкупно автобуси (5+6) | 276 | 101 | 377 | | 18,28 |

- 30 автобуси со мотор на комбинирано гориво ( природен гас/дизел ) еколош.станд. ЕУРО 2;
- 14 минибуси со мотор ЕУРО 2 еколош. стандард;
- 17 автобуси со мотор ЕУРО 0 еколош. стандард D 1O UTS 150;
- 6 туристички автобуси со мотор ЕУРО 2 еколош. стандард;

Во текот на на 2008 година рекаросирани се13 автобуси, а е започнато рекаросирање на уште 4 автобуси.

### БРОЈ НА АВТОБУСИ ПО ГОДИНИ НА СТАРОСТ

( возила за линиски превоз )

Таб.2

| Години на старост | Вкупно автобуси | Стр. % | Соло | Стр. % | Зглобни | Стр. % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Од 0 до 5 години | 1 | 0,3 | 1 | 0,4 | | |
| 6 - 10 години | 74 | 19,9 | 74 | 27,4 | | |
| 11 - 15 години | 44 | 11,9 | 26 | 9,6 | 18 | 17,8 |
| 16 - 20 години | 126 | 34,0 | 75 | 27,8 | 51 | 50,5 |
| 21 - 25 години | 93 | 25,1 | 64 | 23,7 | 29 | 28,7 |
| 26 - 30 години | 31 | 8,4 | 28 | 10,4 | 3 | 3,0 |
| 31- 35 години | | | | | | |
| 36 - 40 години | 2 | 0,5 | 2 | 0,7 | | |
| Вкупно | 371 | 100,0 | 270 | 100,0 | 101 | 100,0 |

Граф.1



**Граф.2**




| *Автобуски линии* | *Број на линии* | *Должина на линиите во километри* | *Просечна должина на линиите во км.* | *Просечна должина на патување на патниците/км* |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно автобуски линии** | **68** | **1.073,80 км.** | **15,79 км.** | **5,70 км.** |
| **- градски линии** | **28** | **302,60 км.** | **10,81 км.** | **4,75 км.** |
| **- приградски линии** | **40** | **771,20 км.** | **19,28 км.** | **8,85 км.** |

***Територија која ја опслужува*:**

- **Општини** — **17 (10 градски и 7 приградски)**
- **Население** — **700.000 жители**

## II.2. ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА УСЛУГИ

### БРОЈ НА ИНВЕНТАРНИ ВОЗИЛА, ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ИНВЕНТАРНИ ВОЗИЛА, ИСПРАВНИ ВОЗИЛА И ВОЗИЛА ВО РАБОТА ПО МЕСЕЦИ ВО 2008 ГОД.

**Таб.3**

| Месец | Инвентарни возила | | Просечен број на исправни возила | Коефициент на техничка исправност (4:3) | Просечен број на исправни возила во работни денови | Просечен број на возила во работа во работни денови | Коефициент на искористеност на техничка исправност (7:6) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Состојба на крајот од месецот | Просечен број | | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| I | 371 | 371 | 264 | 0,71 | 263 | 215 | 0,82 |
| II | 371 | 371 | 269 | 0,73 | 268 | 238 | 0,89 |
| III | 371 | 371 | 268 | 0,72 | 254 | 227 | 0,89 |
| **I-III** | 371 | 371 | 267 | 0,72 | 261 | 227 | 0,87 |
| IV | 371 | 371 | 279 | 0,75 | 275 | 239 | 0,87 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| V | 371 | 371 | 279 | 0,75 | 276 | 241 | 0,87 |
| VI | 371 | 371 | 278 | 0,75 | 273 | 209 | 0,77 |
| **I-VI** | 371 | 371 | 272 | 0,73 | 268 | 228 | 0,85 |
| VII | 371 | 371 | 275 | 0,74 | 274 | 196 | 0,72 |
| VIII | 371 | 371 | 278 | 0,75 | 276 | 195 | 0,71 |
| IX | 371 | 371 | 278 | 0,75 | 278 | 239 | 0,86 |
| **I-IX** | 371 | 371 | 274 | 0,74 | 270 | 222 | 0,82 |
| X | 371 | 371 | 278 | 0,75 | 275 | 238 | 0,87 |
| XI | 371 | 371 | 276 | 0,74 | 274 | 237 | 0,86 |
| XII | 371 | 371 | 274 | 0,74 | 274 | 235 | 0,86 |
| **Просек I-XII 12** | 371 | 371 | 275 | 0,74 | 272 | 226 | 0,83 |

**ЈСП СКОПЈЕ и покрај отежнатите услови за работа ( технички и технолошки застарен возен парк, неповолна финансиска состојба) ја одржува техничката исправност на автобусите на високо ниво со што дава соодветен придонес за безбедноста во сообраќајот во Градот и приградските населби.**

## ОСТВАРЕН ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА УСЛУГИ

**( Линиски превоз )**

**Таб.4**

| Ред. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2007 | 2008 | Индекс 2008/2007 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Инвентарна состојба на автобусите (31.12.) | 380 | 371 | 97,6 |
| 2 | Инвентар. сост. на автоб.-просечно дневно | 404 | 371 | 91,8 |
| 3 | Просеч. днев. исправни автобуси | 283 | 275 | 97,2 |
| 4 | Просеч. днев. исправни автоб. во раб. денови | 281 | 272 | 96,8 |
| 5 | Просеч. днев. автоб. во работа | 184 | 185 | 100,5 |
| 6 | Просеч. днев. автоб. во работа во раб. денови | 226 | 226 | 100,0 |
| 7 | Просеч. днев. автоб. во резерва | 55 | 46 | 83,6 |
| 8 | Коефициент на техничка исправност | 0,70 | 0,74 | 105,7 |
| 9 | Коефиц. на искористеност на тех. исправн. | 0,81 | 0,83 | 102,5 |
| 10 | Коефиц. на искорист. на вкуп. возен парк | 0,56 | 0,61 | 108,9 |
| 11 | Просечна старост на автобусите (31.12.) | 17,48 | 18,38 | 105,1 |
| 12 | Поминати километри - вкупно | 14.649.000 | 14.730.000 | 100,6 |
| 13 | Поминати километри на градски линии | 8.785.000 | 8.866.000 | 100,9 |
| 14 | Поминати километри на приградски линии | 5.364.000 | 5.312.000 | 99,0 |
| 15 | Поминати километри на договорен превоз | 500.000 | 552.000 | 110,4 |
| 16 | Поминати км. за возила со мотор на нафта | 13.390.000 | 13.331.000 | 99,6 |
| 17 | Поминати км. за возила со мотор на комбинирано гориво ( нафта / прир. гас ) | 1.259.000 | 1.399.000 | 111,1 |
| 18 | Потрошено нафта-вкупно ( литри ) | 5.639.022 | 5.665.377 | 100,5 |
| | -месечно | 469.919 | 472.115 | 100,5 |
| | -дневно | 15.449 | 15.479 | 100,2 |
| 19 | Потрошено нафта - вкупно на 100 км. | 38,49 | 38,46 | 99,9 |
| 20 | Потрошено нафта за возила со мотор на нафта (литри) | 5.227.548 | 5.257.934 | 100,6 |
| 21 | Потрошено нафта на 100 км. за возила со мотор на нафта ( литри ) | 39,04 | 39,44 | 101,0 |
| 22 | Потрошено гориво за 30 автобуси со мотор на комбинирано гориво | | | |
| | -природен гас ( нм3 ) | 189.157 | 307.894 | 162,8 |
| | -нафта ( литри ) | 411.474 | 407.443 | 99,0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23 | **Потрошено гориво на 100 км. за 30 автобуси на комбинирано гориво** | | | |
| | **-природен гас ( нм3 )** | **15,02** | **22,00** | **146,5** |
| | **-нафта ( литри )** | **32,67** | **29,12** | **89,1** |
| 24 | **Остварени часови во сообраќај** | **768.541** | **778.253** | **101,3** |
| 25 | **Остварена комерцијална брзина** | **19,06** | **18,93** | **99,3** |
| 26 | **Просечно поминати км. по возило во работа** | **79.615** | **79.622** | **100,0** |
| | **-месечно** | **6.635** | **6.635** | **100,0** |
| | **-дневно** | **218** | **218** | **100,0** |
| 27 | **Просечно поминати км. по вработен** | **11.365** | **11.454** | **100,8** |
| | **-месечно** | **947** | **955** | **100,8** |
| | **-дневно** | **31** | **31** | **100,0** |
| 28 | **Просечно поминати км. по возач** | **24.662** | **24.347** | **98,7** |
| | **-месечно** | **2.055** | **2.029** | **98,7** |
| | **-дневно** | **68** | **67** | **98,5** |
| 29 | **Превезени патници** | **42.705.000** | **48.302.000** | **113,1** |
| 30 | **Остварени места километри ( во 000 )** | **1.803.673** | **1.807.405** | **100,2** |
| 31 | **Места км. по патник ( квалитет )** | **42,24** | **37,42** | **88,6** |
| 32 | **Места км. по вработен ( продуктивност )** | **1.399.281** | **1.405.447** | **100,4** |
| 33 | **Места км. по возач** | **3.036.487** | **2.987.446** | **98,4** |
| 34 | **Превезени патници на поминати км.** | **2,92** | **3,28** | **112,3** |

**Со одлука бр. 02-110/5 донесена на 29-та седиица на УО одржана на 31.01.2008 година се расходувани 10 автобуси и отуѓени во делови, со што се избришани од евиденција**

**Просечниот број на возила вклучени во работа е на минатогодишното ниво и покрај намалувањето на просечниот број на инвентарни возила, технички исправни возила и возила во резерва.**

**Потрошената количина на природен гас за автобуси со мотор на комбинирано гориво ( природен гас / нафта ) бележи зголемување во однос на минатата година поради нивното зголемено ангажирање во линискиот превоз (бројот на поминати км. е зголем за 140.000 км. или за 11,1%).**

**Зголемениот број на превезени патници се должи на порастот на бројот на превезени патници со претплатни билети и со билети за поништување.**

**Граф.3**




Граф.4



**Возниот парк и урбаната опрема – постојки, продажни и контролни пунктови и друга опрема, ЈСП СКОПЈЕ години наназад ги обновуваше исклучиво со сопствени средства или по пат на кредитно задолжување, при што секоја година се набавуваа нови возила и тековно се одржуваше урбаната опрема. Појавата на нелојална конкуренција ја влоши финансиската состојба на претпријатието и потполно ја замре инвестициската активност. Ниту конкуренцијата - приватните превозници не го унапредија јавниот превоз: не се набавени нови автобуси ниту се опремени постојките со современа урбана опрема.**

## ПРЕГЛЕД НА ПРОСЕЧНО ПОТРОШЕНО ГОРИВО НА ВОЗИЛА СО МОТОР НА КОМБИНИРАНО ГОРИВО ( ПРИРОДЕН ГАС / ДИЗЕЛ ) ЗА 2008 ГОДИНА

**Таб.5**

| Ред. број | Гар. број | Нафта - литри | Природен гас - нм3 | Поминати километри | Просечно потрошено на 100 км. | | Вкупно (нафта, прир.гас) -литри | Просечно потрошено гориво на 100 км. 8 : 5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | нафта -литри 3 : 5 | прир.гас -нм3 4 : 5 | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | 537 | 12.568 | 9.938 | 44.699 | 28,12 | 22,23 | 22.427 | 50,17 |
| 2 | 545 | 11.360 | 10.116 | 36.993 | 30,71 | 27,34 | 21.395 | 57,83 |
| 3 | 547 | 8.299 | 6.006 | 24.484 | 33,90 | 24,53 | 14.257 | 58,23 |
| 4 | 581 | 12.148 | 11.208 | 41.707 | 29,13 | 26,87 | 23.266 | 55,79 |
| 5 | 583 | 12.469 | 9.790 | 41.160 | 30,29 | 23,79 | 22.181 | 53,89 |
| 6 | 593 | 8.797 | 7.919 | 29.286 | 30,04 | 27,04 | 16.653 | 56,86 |
| 7 | 595 | 15.763 | 12.051 | 60.891 | 25,89 | 19,79 | 27.718 | 45,52 |
| 8 | 643 | 10.739 | 9.611 | 35.021 | 30,66 | 27,44 | 20.273 | 57,89 |
| 9 | 645 | 10.371 | 8.705 | 34.372 | 30,17 | 25,33 | 19.006 | 55,30 |
| 10 | 694 | 21.417 | 12.487 | 62.400 | 34,32 | 20,01 | 33.804 | 54,17 |
| 11 | 702 | 12.294 | 11.492 | 36.761 | 33,44 | 31,26 | 23.695 | 64,46 |
| 12 | 705 | 9.448 | 8.925 | 28.341 | 33,34 | 31,49 | 18.302 | 64,58 |
| 13 | 707 | 9.082 | 6.998 | 26.848 | 33,83 | 26,07 | 16.024 | 59,69 |
| 14 | 710 | 3.450 | 2.666 | 10.196 | 33,84 | 26,14 | 6.094 | 59,77 |
| 15 | 711 | 9.353 | 10.638 | 34.317 | 27,25 | 31,00 | 19.906 | 58,00 |
| 16 | 712 | 14.489 | 13.252 | 47.315 | 30,62 | 28,01 | 27.635 | 58,41 |
| 17 | 721 | 10.652 | 9.406 | 37.039 | 28,76 | 25,39 | 19.983 | 53,95 |
| 18 | 723 | 8.370 | 9.817 | 34.218 | 24,46 | 28,69 | 18.108 | 52,92 |
| 19 | 728 | 16.415 | 13.616 | 67.166 | 24,44 | 20,27 | 29.922 | 44,55 |
| 20 | 736 | 12.488 | 9.498 | 50.218 | 24,87 | 18,91 | 21.910 | 43,63 |
| 21 | 750 | 13.637 | 11.711 | 60.092 | 22,69 | 19,49 | 25.254 | 42,03 |
| 22 | 770 | 13.263 | 9.463 | 43.614 | 30,41 | 21,70 | 22.650 | 51,93 |
| 23 | 776 | 19.483 | 7.844 | 52.975 | 36,78 | 14,81 | 27.265 | 51,47 |
| 24 | 779 | 15.361 | 10.303 | 56.057 | 27,40 | 18,38 | 25.582 | 45,64 |
| 25 | 782 | 14.602 | 10.441 | 51.391 | 28,41 | 20,32 | 24.960 | 48,57 |
| 26 | 786 | 25.071 | 13.727 | 86.907 | 28,85 | 15,80 | 38.688 | 44,52 |
| 27 | 788 | 14.114 | 10.827 | 53.119 | 26,57 | 20,38 | 24.854 | 46,79 |
| 28 | 800 | 21.708 | 13.563 | 80.829 | 26,86 | 16,78 | 35.162 | 43,50 |
| 29 | 802 | 22.290 | 12.583 | 76.301 | 29,21 | 16,49 | 34.773 | 45,57 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30 | 824 | 17.942 | 13.293 | 54.565 | 32,88 | 24,36 | 31.129 | 57,05 |
| **Вкупно I-XII / 08** | | 407.443 | 307.894 | 1.399.282 | 29,12 | 22,00 | 712.874 | 50,95 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно I-XII / 07** | 411.474 | 189.157 | 1.259.396 | 32,67 | 15,02 | 599.117 | 47,57 |
| **Индекс** | 99,0 | 162,8 | 111,1 | 89,1 | 146,5 | 119,0 | 107,1 |

**Со претпоставка дека 1 нм3 = 1 литар нафта, остварената заштеда со користење на природниот гас за 30 возила во 2008 година изнесува:**

| | количина | цена | износ |
|---|---|---|---|
| нафта ( литри ) | 407.443 | 63,850 | 26.015.236 ден. |
| прир. гас ( нм3 ) | 307.894 | 33,073 | 10.182.978 ден. |
| | **Вкупно** | | **36.198.214 ден.** |

| | количина | цена | износ |
|---|---|---|---|
| нафта ( литри ) | 407.443 | 63,850 | 26.015.236 ден. |
| прир. гас ( нм3 ) | 307.894 | 63,850 | 19.659.032 ден. |
| | **Вкупно** | | **45.674.268 ден.** |

**45.674.268–36.198.214 = 9.476.054 ден. заштеда на трошоци за 2008 год.**

**Претпоставената заштеда од користење на природниот гас за 30 возила со мотор на комбинирано гориво во споредба со минатата година (6.573.396 ден.) бележи пораст од 44,2% како резултат на поинтезивното користење на природниот гас како поефтин енергенс во однос на нафтата ( зголемена количина на потрошен природен гас во однос на минатата година за 62,8% или за 118.737 нм3 ).**

## *ПРЕВЕЗЕНИ ПАТНИЦИ И ПОМИНАТИ КИЛОМЕТРИ ПО МЕСЕЦИ*

**Таб.6**

| Месец | Превезени патници | | Индекс 2008/2007 | Поминати километри | | Индекс 2008/2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | | 2007 | 2008 | |
| I | 2.841.000 | 3.169.000 | 111,5 | 1.185.000 | 1.197.000 | 101,0 |
| II | 3.855.000 | 4.110.000 | 106,6 | 1.205.000 | 1.233.000 | 102,3 |
| III | 4.160.000 | 4.362.000 | 104,9 | 1.348.000 | 1.277.000 | 94,7 |
| IV | 4.019.000 | 4.377.000 | 108,9 | 1.211.000 | 1.249.000 | 103,1 |
| V | 4.010.000 | 4.360.000 | 108,7 | 1.276.000 | 1.313.000 | 102,9 |
| VI | 3.017.000 | 3.448.000 | 114,3 | 1.187.000 | 1.125.000 | 94,8 |
| VII | 2.309.000 | 2.715.000 | 117,6 | 1.070.000 | 1.137.000 | 106,3 |
| VIII | 2.186.000 | 2.612.000 | 119,5 | 1.083.000 | 1.065.000 | 98,3 |
| IX | 3.659.000 | 4.428.000 | 121,0 | 1.248.000 | 1.246.000 | 99,8 |
| X | 4.087.000 | 4.906.000 | 120,0 | 1.264.000 | 1.322.000 | 104,6 |
| XI | 4.284.000 | 4.897.000 | 114,3 | 1.294.000 | 1.239.000 | 95,7 |
| XII | 4.278.000 | 4.918.000 | 115,0 | 1.278.000 | 1.327.000 | 103,8 |
| **I-XII** | 42.705.000 | 48.302.000 | 113,1 | 14.649.000 | 14.730.000 | 100,6 |

Граф.5




## СТРУКТУРА НА ПРЕВЕЗЕНИ ПАТНИЦИ

**Таб.7**

| Ред. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2007 | Стр. % | 2008 | Стр. % | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Патници со билети за поништување | 12.524.000 | 29,3 | 14.988.000 | 31,0 | 119,7 |
| | - Патници со билети за поништување на градски линии | 11.265.000 | 26,4 | 13.665.000 | 28,3 | 121,3 |
| | - Патници со билети за поништување на приградски линии | 1.259.000 | 2,9 | 1.323.000 | 2,7 | 105,1 |
| 2. | Патници со претплатни билети | 29.836.000 | 69,9 | 32.959.000 | 68,3 | 110,5 |
| | - Ученички, студентски | 12.729.000 | 29,8 | 15.471.000 | 32,0 | 121,5 |
| | - Пензионерски за градски линии | 1.508.000 | 3,5 | 1.498.000 | 3,1 | 99,3 |
| | - Пензионерски за сите линии | 1.146.000 | 2,7 | 1.317.000 | 2,7 | 114,9 |
| | - Месечни билети за градски линии | 4.567.000 | 10,7 | 4.769.000 | 9,9 | 104,4 |
| | - Месечни билети за сите линии | 1.751.000 | 4,1 | 2.285.000 | 4,7 | 130,5 |
| | - Колективни месечни билети | 3.472.000 | 8,1 | 3.774.000 | 7,8 | 108,7 |
| | - Фабрички (договорен превоз) | 37.000 | 0,1 | 80.000 | 0,2 | 216,2 |
| | - Годишни билети ( Мин.за образ., Мин. за одбрана, инвалид.) | 4.626.000 | 10,8 | 3.765.000 | 7,8 | 81,4 |
| 3. | Патници од договорен превоз | 337.000 | 0,8 | 344.000 | 0,7 | 102,1 |
| | - Претпријатија | 322.000 | 0,8 | 305.000 | 0,6 | 94,7 |
| | - Групен превоз | 15.000 | 0,0 | 39.000 | 0,1 | 260,0 |
| 4. | Казнени билети | 8.000 | 0,0 | 11.000 | 0,0 | 137,5 |
| | В К У П Н О | 42.705.000 | 100,0 | 48.302.000 | 100,0 | 113,1 |

ЈСП остварува и превози за кои не се евидентирани патници (не се издадени билети). Тоа се превози од вонредни состојби, хуманитарни акции или масовни еколошки проекти за кои ЈСП не добива надомест.

**Зголемувањето на бројот на превезените патници од 13,1% се должи на:**

**а) Зголемен број на патници со претплатни билети од 10,5%**

- **зголемен број на корисници на ученички студентски претплатни билети за 21,5%,**
- **зголемен број на корисници на месечни билети за сите линии за 30,5%.**
- **зголемен број на корисници на пензионерски месечни билети за сите линии за 14,9%.**

**б) Зголемен број на патници со билети за поништување за 19,7%**
**- зголемен број на патници со билети за поништување на градски линии за 21,3%.**

**Напомена: Годишните билети бележат намалување меѓутоа дел од корисниците подигнаа колективни билети наместо годишни билети.**

**Граф.6**




**Граф.7**




## *КОЛИЧИНА НА ПРОДАДЕНИ ПРЕТПЛАТНИ БИЛЕТИ*

**Таб.8**

| Р. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2007 | Стр.% | 2008 | Стр.% | Индекс 2008/2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ученички, студентски претплатни билети | 145.780 | 39,1 | 175.171 | 43,0 | 120,2 |
| 2 | Пензионерски за градски линии | 15.873 | 4,3 | 15.773 | 3,9 | 99,4 |
| 3 | Пензионерски за сите линии | 12.065 | 3,2 | 13.862 | 3,4 | 114,9 |
| 4 | Месечни билети за градски линии | 55.697 | 14,9 | 58.158 | 14,3 | 104,4 |
| 5 | Месечни билети за сите линии | 21.358 | 5,7 | 27.867 | 6,8 | 130,5 |
| 6 | Колективни | 57.867 | 15,5 | 62.898 | 15,4 | 108,7 |
| 7 | Фабрички договорен превоз | 621 | 0,2 | 1.343 | 0,3 | 216,3 |
| 8 | Месечни маркици за год. прет. билети | 63.980 | 17,1 | 52.464 | 12,9 | 82,0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **В к у п н о** | **373.241** | **100,0** | **407.536** | **100,0** | **109,2** |
| **Просечно месечно продадени билети** | **31.103** | | **33.961** | | **109,2** |

### *КОЛИЧИНА НА ПРОДАДЕНИ ЕДИНЕЧНИ БИЛЕТИ*

**Таб.9**

| Р. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2007 | Стр.% | 2008 | Стр.% | Индекс 2008/2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Билети за поништ.-градски линии | 7.637.017 | 86,6 | 10.185.603 | 88,8 | 133,4 |
| | -билет за едно возење | 2.418.918 | 27,4 | 3.466.926 | 30,2 | 143,3 |
| | -билет купен во возило | 4.814.965 | 54,6 | 6.332.110 | 55,2 | 131,5 |
| | -билет за десет возења | 403.134 | 4,6 | 386.567 | 3,4 | 95,9 |
| 2 | Билети за поништ.-приградски линии | 1.185.980 | 13,4 | 1.284.101 | 11,2 | 108,3 |
| | -билет за една зона | 691.689 | 7,8 | 669.439 | 5,8 | 96,8 |
| | -билет за две зони | 376.950 | 4,3 | 521.350 | 4,6 | 138,3 |
| | -билет за три зони | 44.845 | 0,5 | 54.421 | 0,5 | 121,4 |
| | -повратен дневен билет | 45.090 | 0,5 | | | |
| | -преоден билет за втора зона | 23.685 | 0,3 | 35.856 | 0,3 | 151,4 |
| | -преоден билет за трета зона | 3.721 | 0,0 | 3.035 | 0,0 | 81,6 |
| | В к у п н о | 8.822.997 | 100,0 | 11.469.704 | 100,0 | 130,0 |
| | Просечно месечно продадени билети | 735.250 | | 955.809 | | 130,0 |

## II.3. СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ

**Во 2008 год. возилата на ЈСП учествувале во вкупно 253 сообраќајни незгоди, во кои 24 лица се повредени, а загинато е едно лице. Во споредба со минатата година бројот на сообраќајните незгоди е намален за 4,5%. Најголем дел 161 незгода или 63,6% се предизвикани по вина на другите учесници во сообраќајот, а за 51 незгода или 20,2% од сообраќајните незгоди е утврдена вина на возачите на ЈСП.**

### СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ

**Таб.10**

| Р. бр. | СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | Индекс 08/07 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | По вина на ЈСП | 58 | 46 | 50 | 45 | 67 | 53 | 87 | 79 | 51 | 64,6 |
| 2. | По вина на останатите учесници | 183 | 180 | 164 | 137 | 157 | 178 | 167 | 150 | 161 | 107,3 |
| 3. | Не е утврдена вината | 49 | 51 | 46 | 34 | 40 | 61 | 74 | 36 | 41 | 113,9 |
| | ВКУПНО | 290 | 277 | 260 | 216 | 264 | 292 | 328 | 265 | 253 | 95,5 |
| | Просечно дневно сообраќајни незгоди | 0,79 | 0,76 | 0,71 | 0,59 | 0,72 | 0,80 | 0,90 | 0,73 | 0,69 | 94,5 |
| | Сообраќајни незгоди по возила во работа | 1,07 | 1,05 | 0,96 | 0,99 | 1,31 | 1,45 | 1,70 | 1,44 | 1,24 | 86,1 |
| | Повредени | 26 | 36 | 24 | 29 | 13 | 25 | 20 | 28 | 24 | 85,7 |
| | Загинати | 2 | | | 1 | 1 | | 1 | 2 | 1 | 50,0 |

**Според Анализата за безбедност во патниот сообраќај во РМ на МВР за 2008 година на подрачјето на РМ се случиле 11.698 сообраќајни незгоди со полесни последици ( причинета само материјална штета), додека сообраќајни незгоди со потешки последици имало 4.408, од кои 1.951 или 44,3% се случиле на подрачјето на Скопје. Врз основа на изнесените податоци превземени од Анализата може да се оцени дека учеството на бројот на незгоди настанати по вина на ЈСП на подрачјето на Градот од 2,6% од вкупниот број на незгоди не е големо, особено ако се земат во предвид :**

- условите во кои се обавува сообраќајот во Градот (преоптовареноста на сообраќајниците, непочитување на сообраќајните прописи од страна на останатите учесници во сообраќајот )
- перманетното учество на возилата на ЈСП во сообраќајот во текот на денонокието како и
- отежнатите маневарски карактеристики на автобусите поради нивниот голем габарит.

Учеството на возилата на ЈСП во сообраќајни незгоди во значителна мерка ќе се намали со обновувањето на возниот парк (просечната старост на возниот парк на 31.12.2008 год. изнесува 18,38 год.) и обезбедувањето на апсолутен приоритет во користење на издвоена сообраќајна лента наменета за возилата на ЈГППП.

## II.4. ИНЦИДЕНТИ

### ПРЕГЛЕД НА ИНЦИДЕНТИ

Таб.11

| Р. бр. | ВИДОВИ ИНЦИДЕНТИ | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | Индекс 08/07 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Физички напади врз возачи | 16 | 21 | 23 | 39 | 24 | 25 | 11 | 44,0 |
| 2. | Физички пресметки во возила | 18 | 22 | 7 | 11 | 12 | 15 | 6 | 40,0 |
| 3. | Оштетување на возила | 108 | 194 | 130 | 196 | 194 | 207 | 109 | 52,7 |
| 4. | Проблеми и закани врз возачи | 44 | 168 | 129 | 188 | 58 | 77 | 48 | 62,3 |
| | ВКУПНО ИНЦИДЕНТИ | 186 | 405 | 289 | 434 | 288 | 324 | 174 | 53,7 |

Во текот на 2008 година во возилата на ЈСП СКОПЈЕ се случиле вкупно 174 инциденти што е за 46,3% помалку во однос на претходната година. Сите видови инциденти бележат намалување но тоа е најизразено кај физичките пресметки во возила ( 60% ) и кај физичките напади врз возачи ( 56% ).

Службата за линиска контрола на ЈСП СКОПЈЕ во текот на 2008 година има извршено 210.909 контроли на билети (просечно дневно 576 контроли / 3 контроли по возило во работа просечно дневно), при што е наплатена казна на 10.995 патници.

Граф.8




## II.5. РЕМОНТНО - СЕРВИСНИ УСЛУГИ

### ОСТВАРЕН ОБЕМ НА ПОГОЛЕМИ РЕМОНТНО-СЕРВИСНИ УСЛУГИ

Таб.12

| Р. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2007 | 2008 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ремонтни операции | 128 | 105 | 82,0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -Генерален ремонт<br>-Полуремонт | 75<br>53 | 55<br>50 | 73,3<br>94,3 |
| 2. | Менувачи | 250 | 246 | 98,4 |
| 3. | Диференцијали | 181 | 172 | 95,0 |

**Во споредба со минатата година остварениот обемот на поголемите ремонтно-сервисни услуги бележи намалување, што е резултат на зголемената одговорност и дисциплина на вработените во ракувањето со основните средства. Евидентно е намалувањето на бројот на извршени ремонтни операциии, кој е особено изразен во делот на генерални ремонти.**

**Граф.9**




## III. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

### БИЛАНС НА УСПЕХ

**Таб.13**

| Р.бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2007 | Стр. % | 2008 | Стр. % | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I | ПРИХОДИ-вкупно | 844.646.000 | 100,0 | 1.099.849.000 | 100,0 | 130,2 |
| 1 | Приход од услуги-превоз од патници | 811.968.000 | 96,1 | 916.269.000 | 83,3 | 112,8 |
| 2 | Приход од субвенции - Град Скопје | | | 140.000.000 | 12,7 | |
| 3 | Останати приходи | 32.678.000 | 3,9 | 43.580.000 | 4,0 | 133,4 |
| II | РАСХОДИ-вкупно | 929.367.000 | 100,0 | 1.104.719.000 | 100,0 | 118,9 |
| 1 | Трошоци од работење | 525.403.000 | 56,5 | 638.975.000 | 57,8 | 121,6 |
| 2 | Амортизација | 35.403.000 | 3,8 | 24.445.000 | 2,2 | 69,0 |
| 3 | Бруто плати | 368.561.000 | 39,7 | 441.299.000 | 40,0 | 119,7 |
| III | Бруто добивка ( I - II ) | | | | | |
| IV | Загуба ( II - I ) | 84.721.000 | | 4.870.000 | | 5,7 |
| V | Загуба од тековното работење без приход од субвенции | | | 144.870.000 | | |

**Во 2008 година ЈСП СКОПЈЕ оствари негативен финансиски резултат - загуба од работењето во износ од 4,9 милиони денари. Загубата од тековното работење без приходот од субвенции изнесува 144,9 милиони денари.**

**Сите попусти и бенефиции во цените кои ЈСП ги одобри на своите корисници во 2008 год. достигнаа износ од 250 милиони денари, што значи дека добиените субвенции во износ од 140 милиони денари ги покриваат бенефицираните билети само со 56%.**

**Граф.10**

ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ( во милиони )




## *ДИСПАРИТЕТ ПОМЕЃУ ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕВОЗОТ И ПРИХОДОТ ОД ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ*

| | |
|---|---|
| **Поминати километри** | **14.730.000** |
| **Превезени патници** | **48.302.000** |
| **Приход од сообраќај** | **916.269.000 ден.** |
| **Вкупни трошоци** | **1.104.719.000 ден.** |
| **Приход по километар** | **62,20 ден.** |
| **Трошоци по километар** | **75,00 ден.** |
| **Помалку остварен приход по километар** | **- 12,80 ден.** |
| **Приход по патник** | **18,97 ден.** |
| **Трошок по патник** | **22,87 ден.** |
| **Помалку остварен приход по патник** | **- 3,90 ден.** |

**Приходот од сообраќај - превоз на патници кој ЈСП СКОПЈЕ го остварува преку цените на единечните и претплатните билети не ги покрива *реалните трошоци* на работењето кои се детерминирани од обемот на извршениот превоз - поминатите километри, но и од влезните трошоци, особено на трошоците за енергенси кои во текот на 2008 година континуирано растеа, поради што цената на превозот е под цената на чинење.**

**Во летниот период, согласно единствениот возен ред, утврден и одобрен од надлежниот градски орган, возниот ред е редуциран до 18,9%, а бројот на превезени патници е намален до 40,1%.**

**ОСТВАРЕНИ НАМАЛУВАЊА ВО ЛЕТНИОТ ПЕРИОД**
**( база - мај 2008 год. )**

**( во 000 )** **Таб.14**

| Месец | Превезени патници | Намалување во однос на мај во % | Поминати километри | Намалување во однос на мај во % | Остварен приход од превоз на патници | Намалување во однос на мај во % | Просечен приход по км. | Помалку остварен приход по км. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мај | 4.360 | | 1.313 | | 84.680 | | 64,49 | |
| Јули | 2.715 | -37,7 | 1.137 | -13,4 | 60.150 | -29,0 | 52,90 | -11,59 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Август** | **2.612** | **-40,1** | **1.065** | **-18,9** | **57.775** | **-31,8** | **54,25** | **-10,24** |

**Приходот е со вклучен ДДВ**

| Месец | Поминати км | X | Помалку остварен приход по километар | Разлика | |
|---|---|---|---|---|---|
| Јули | 1.137.000 | | 11,59 | 13.177.830 | |
| Август | 1.065.000 | | 10,24 | 10.905.600 | |
| | | | | 24.083.430 | ден. со ДДВ |
| | | | | 22.936.600 | ден. без ДДВ |

## ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ПО КВАРТАЛИ 2008 ГОДИНА

**Таб.15**

| Р.бр. | ЕЛЕМЕНТИ | I-III / 2008 | IV-VI / 2008 | VII-IX / 2008 | IX-XII / 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| I | ПРИХОДИ-вкупно | 219.876.000 | 262.297.000 | 268.324.000 | 349.352.000 |
| 1 | Приход од услуги-превоз од патници | 214.527.000 | 237.279.000 | 189.577.000 | 274.886.000 |
| 2 | Приход од субвенции - Град Скопје | | 20.000.000 | 65.000.000 | 55.000.000 |
| 3 | Останати приходи | 5.349.000 | 5.018.000 | 13.747.000 | 19.466.000 |
| II | РАСХОДИ-вкупно | 253.894.000 | 256.621.000 | 266.784.000 | 327.420.000 |
| 1 | Трошоци од работење | 142.516.000 | 146.313.000 | 147.493.000 | 202.653.000 |
| 2 | Амортизација | 8.098.000 | 5.865.000 | 5.393.000 | 5.089.000 |
| 3 | Бруто плати | 103.280.000 | 104.443.000 | 113.898.000 | 119.678.000 |
| III | Бруто добивка ( I - II ) | | 5.676.000 | 1.540.000 | 21.932.000 |
| IV | Загуба ( II - I ) | 34.018.000 | | | |
| IV | Загуба од тековно работење без приход од субвенции | 34.018.000 | 14.324.000 | 63.460.000 | 33.068.000 |

**Граф.11**




## ОСТВАРЕН ПРОСЕЧЕН ПРИХОД ( ПРОСЕЧНА ЦЕНА )

**Таб.16**

| Р.бр. | ЕЛЕМЕНТИ | 2007 | 2008 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | По превезен патник | 21,16 | 19,91 | 94,1 |
| 2 | По поминат километар | 61,68 | 64,84 | 105,1 |
| 3 | По патник со претплатен билет | 16,38 | 15,45 | 94,3 |
| 4 | По возило во работа дневно | 13.454,32 | 14.106,28 | 104,8 |

***Цените се со вклучен ДДВ***

**Како резултат на намалување на цените на превозот од 06.11.2007 година просечниот приход по превезен патник бележи намалување од 5,9% а просечниот приход по патник со претплатен билет пад од 5,7%.**

## ОСТВАРЕНО / ПЛАНИРАНО

## ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИОТ И ОСТВАРЕНИОТ ФИЗИЧКИ ОБЕМ И ПРЕВОЗНИ КАПАЦИТЕТИ

**Таб.17**

| Ред.бр. | Е Л Е М Е Н Т И | План 2008 | Остварено 2008 | Степен на остварување на планот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Набавени автобуси | 60 | 0 | 0,0 |
| 2 | Автобуси со преадаптирани мотори за користење на погонско гориво природен гас | 20 | 0 | 0,0 |
| 3 | Рекаросирање | 50 | 13 | 26,0 |
| 4 | Расходувани автобуси | 30 | 0 | 0,0 |
| 5 | Инвентарна состојба на автобусите на 31.12 | 422 | 371 | 87,9 |
| 6 | Инвентар. сост. на автоб.-просечно дневно | 420 | 371 | 88,3 |
| 7 | Просеч. днев. исправни автоб. во раб. денови | 324 | 272 | 84,0 |
| 8 | Просеч. днев. автоб. во работа во раб. денови | 248 | 226 | 91,1 |
| 9 | Коефициент на техничка исправност | 0,77 | 0,74 | 96,1 |
| 10 | Коефиц. на искористеност на тех. исправн. | 0,77 | 0,83 | 107,8 |
| 11 | Просечна старост на автобусите ( 31.12 ) | 15,37 | 18,38 | 119,6 |
| 12 | Поминати километри - вкупно | 14.633.000 | 14.730.000 | 100,7 |
| 13 | Потрошено гориво-нафта во литри | 5.600.000 | 5.665.000 | 101,2 |
| 14 | Потрошено гориво-природен гас во нм3 | 258.192 | 307.894 | 119,3 |
| 15 | Часови во сообраќај | 774.767 | 778.253 | 100,4 |
| 16 | Комерцијална брзина | 18,89 | 18,93 | 100,2 |
| 17 | Превезени патници | 45.000.000 | 48.302.000 | 107,3 |
| 18 | Места километри ( во 000 ) | 1.808.869 | 1.807.405 | 99,9 |
| 19 | Места км. по патник ( квалитет ) | 40,20 | 37,42 | 93,1 |
| 20 | Превезени патници на поминати км. | 3,08 | 3,28 | 106,5 |

**Недостигот на финансиски средства е основна причина за нереализирење на планот за набавка на нови превозни капацитети и преадаптирање на мотори за користење на природен гас како и за делумната реализација на планот за рекаросирани автобуси.**

## ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

**Таб.18**

| Р. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | ПЛАН 2008 | Стр.% | ОСТВАРЕНО 2008 | Стр.% | Степен на остварување на планот |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I | ПРИХОДИ-вкупно | 1.092.100.000 | 100,0 | 1.099.849.000 | 100,0 | 100,7 |
| 1 | Приход од услуги-превоз на патници | 867.000.000 | 79,4 | 916.269.000 | 83,3 | 105,7 |
| 2 | Субвенции | 196.100.000 | 18,0 | 140.000.000 | 12,7 | 71,4 |
| 3 | Останати приходи | 29.000.000 | 2,7 | 43.580.000 | 4,0 | 150,3 |
| II | РАСХОДИ-вкупно | 1.063.100.000 | 100,0 | 1.104.719.000 | 100,0 | 103,9 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци од работење | 648.100.000 | 61,0 | 638.975.000 | 57,8 | 98,6 |
| 2 | Амортизација | 45.000.000 | 4,2 | 24.445.000 | 2,2 | 54,3 |
| 3 | Бруто плати | 370.000.000 | 34,8 | 441.299.000 | 40,0 | 119,3 |
| III | Бруто добивка ( I - II ) | 29.000.000 | | | | |
| IV | Загуба ( II - I ) | | | 4.870.000 | | |

## III.1. ВКУПЕН ПРИХОД

**Остварениот вкупен приход во 2008 год. изнесува 1.099,8 мил. ден. и во однос на минатата година е зголемен за 30,2% или за 255,2 мил. денари. Зголемувањето на вкупниот приходот е резултат на зголемениот приход од превоз на патници во износ од 104,3 мил. ден. или за 12,8% ( по основ на зголемен број на патници од 13,1%) и на приходот од субвенции за тековното работење во износ од 140 мил. денари.**

### СТРУКТУРА НА ОСТВАРЕНИОТ ВКУПЕН ПРИХОД

**Таб.19**

| Р. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2007 | Стр.% | 2008 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Приход од услуги-превоз на патници | 811.968.000 | 96,1 | 916.269.000 | 83,3 | 112,8 |
| 2 | Приход од субвенции -Град Скопје | | | 140.000.000 | 12,7 | |
| 3 | Приход од реклами | 12.245.000 | 1,4 | 11.049.000 | 1,0 | 90,2 |
| 4 | Приход од превози на други правни лица- меѓународен превоз | 1.620.000 | 0,2 | 2.867.000 | 0,3 | 177,0 |
| 5 | Приход од вишоци на матер. рез. | 1.588.000 | 0,2 | 1.672.000 | 0,2 | 105,3 |
| 6 | Приходи од фактурирани штети | 1.428.000 | 0,2 | 1.524.000 | 0,1 | 106,7 |
| 7 | Приходи од продажба на отпадоци | 1.719.000 | 0,2 | 2.112.000 | 0,2 | 122,9 |
| 8 | Приход од реализирани полупроизводи | 1.436.000 | 0,2 | 1.443.000 | 0,1 | 100,5 |
| 9 | Приходи од поранешни години ( камата за ненавремено плаќање ) | 7.632.000 | 0,9 | 12.386.000 | 1,1 | 162,3 |
| 10 | Други приходи од извршени услуги ( на надворешни правни лица ) | 49.000 | 0,0 | 46.000 | 0,0 | 93,9 |
| 11 | Приходи од наемнина | 926.000 | 0,1 | 456.000 | 0,0 | 49,2 |
| 12 | Прих. од издавање на приколки | 430.000 | 0,1 | 432.000 | 0,0 | 100,5 |
| 13 | Приход од камати и позитивни курсни разлики | 1.739.000 | 0,2 | 1.349.000 | 0,1 | 77,6 |
| 14 | Приход од отпис на обврски | 484.000 | 0,1 | 7.512.000 | 0,7 | 1.552,1 |
| 15 | Од услуги-амбуланта | 255.000 | 0,0 | 27.000 | 0,0 | 10,6 |
| 16 | Други приходи | 139.000 | 0,0 | 151.000 | 0,0 | 108,6 |
| 17 | Други вонредни приходи | 46.000 | 0,0 | 54.000 | 0,0 | 117,4 |
| 18 | Приходи од донации | 762.000 | 0,1 | 300.000 | 0,0 | 39,4 |
| 19 | Приходи од Транспортен Центар ( Јавни ВЦ ) | 124.000 | 0,0 | 149.000 | 0,0 | 120,2 |
| 20 | Останати приходи | 56.000 | 0,0 | 51.000 | 0,0 | 91,1 |
| | Вкупен приход | 844.646.000 | 100,0 | 1.099.849.000 | 100,0 | 130,2 |

**Ред.бр.1 Приход од услуги-превоз на патници :**

1) Приход од продадени единечни билети ---------------------------------------------------404.214.000 ден.
2) Приход од продадени претплатни билети ---------------------------------------------------484.873.000 ден.
3) Приход од договорен и групен превоз --------------------------------------------------- 17.361.000 ден.
4) Приход од превози на др. правни лица (локал, меѓуградски)---------------------------- 6.848.000 ден.
5) Казнени билети --------------------------------------------------------------------------------- 790.000 ден.

**6) Останати приходи ( молби, најлонч., легитим.) ------------------------------------------- 2.183.000 ден.**

| 5 | Долгорочни финансиски средства | 38.222.000 | 9.774.000 | 28.448.000 | 8,4 | 25,6 |
| | Вкупно | 1.604.021.000 | 1.267.425.000 | 336.596.000 | 100,0 | 79,0 |

Со состојба на 31.12.2008 год. сегашната вредност на вкупните основни средства во ЈСП СКОПЈЕ изнесува 336,6 милиони денари и претставува 21% од нивната набавна вредност (1.604 милиони ден.), со што отписот на вредноста на вкупните основни средства изнесува 79%.

Сегашната вредноста на автобусите кои се користат за вршење на редовната дејност на претпријатието изнесува 13,2 мил. ден., или 1,4% од нивната набавна вредност (940,6 мил. ден.), односно стапката на отпис на превозните капацитети изнесува 98,6%.

## СОСТОЈБА НА ОБРТНИ СРЕДСТВА

Таб.27

| Р. бр. | Обртни средства | 31.12.2007 | Стр.% | 31.12.2008 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Залихи | 64.185.000 | 11,6 | 53.819.000 | 19,5 | 83,8 |
| | - Зал. на суров. и матер. | 60.573.000 | 10,9 | 50.249.000 | 18,2 | 83,0 |
| 2. | Побарувања | 199.413.000 | 36,0 | 157.820.000 | 57,2 | 79,1 |
| 3. | Краткор. финанс. влож. | 154.000 | 0,0 | | | |
| 4. | Харт. од вред. и парич. сред. | 290.526.000 | 52,4 | 64.193.000 | 23,3 | 22,1 |
| | - На с-ка за тековно работење | 18.526.000 | 3,3 | 64.193.000 | 23,3 | 346,3 |
| | - Наменска с-ка за набавка на нови автобуси за ЈГПП Скопје | 272.000.000 | 49,1 | | | |
| | Вкупно | 554.278.000 | 100,0 | 275.832.000 | 100,0 | 49,8 |

На крајот од 2008 год. најголемо учество во вкупните обртни средства имаат побарувањата од работењето 57,2%, а потоа следат паричните средства со 23,3% и залихите со учество од 19,5%.

Во составот на залихите најголемо е учеството на резервните делови со 39,4 мил. ден. додека остатокот се однесува на залихи на материјали, ситен инвентар и трговски стоки.

Претходната година најголема ставка беа наменските средства одобрени од Владата на РМ за набавка на нови автобуси. Во текот на 2008 год. наменските средства по барање на Владата на РМ беа

**вратени во Буџетот на РМ заедно со остварената банкарска камата (272.000.000,00 наменски средства + 8.860.522,50 ден. камата = 280.866.522,50 ден.).**

**ЗАЛИХИ** (19,5 % од обртните средства)

| | 31.12.2005 | 31.12.2006 | 31.12.2007 | 31.12.2008 |
|---|---|---|---|---|
| Залихи - вкупно | 83.103.000 | 76.799.000 | 64.185.000 | 53.819.000 |
| - Залихи на резервни делови | 62.902.000 | 54.138.000 | 46.540.000 | 39.363.000 |
| - Материјали на залиха-нафта | 12.442.000 | 15.071.000 | 11.387.000 | 6.661.000 |
| - Аванси за суровини и материјали | 3.831.000 | 2.910.000 | 3.035.000 | 2.994.000 |
| - Ситен инвентар на залиха | 3.225.000 | 3.991.000 | 2.557.000 | 4.218.000 |
| - Залиха на трговски стоки, вред. усогл. | 703.000 | 689.000 | 666.000 | 583.000 |

**Ефектот од рационалното трошење и контролата на тендерските набавки е видлив и кај залихите на суровини и материјали кои се скоро двојно помали во однос на 2005 год.**

**ПОБАРУВАЊА** (57,2 % од обртните средства)

| | 31.12.2005 | 31.12.2006 | 31.12.2007 | 31.12.2008 |
|---|---|---|---|---|
| Побарувања - вкупно | 246.899.000 | 197.850.000 | 199.412.000 | 157.820.000 |
| - Побарувања од купувачи | 230.390.000 | 185.015.000 | 192.377.000 | 150.636.000 |
| - Останати побарувања | 12.327.000 | 9.675.000 | 3.146.000 | 3.629.000 |
| - АВР (платени трош за идни периоди и недостасана наплата на приходи) | 4.182.000 | 3.160.000 | 3.889.000 | 3.555.000 |

**Побарувањата од купувачи се однесуваат на фактурирани услуги за организиран превоз на правни субјекти и фактурирани годишни маркици и билети. Најголемо е побарувањето од Министерството за одбрана за реализирани а не платени превози на бегалци во износ од 130.553.000 ден. (најголем дел се во судски постапки).**

**На почетокот на 2008 г. за неплатен долг за ДДВ од страна на УЈП присилно беа наплатени парични побарувања на ЈСП извршени со пренос на истите на уплатна сметка на УЈП и тоа:**

**- Центар за управувања со кризи на РМ ------------------------------------------529.530,00 денари**
**- ЈП Улици и патишта --------------------------------------------------------------- 339.259,00 денари**
**- Министерство за здравство-Фонд за здравство --------------------------------- 43.273,00 денари**
**- ТА ЈСП ТУРС ------------------------------------------------------------------------ 5.097.669,00 денари**
**В к у п н о 6.009.731,00 денари**

## ПРЕГЛЕД НА ОБВРСКИ СПРЕМА ДОВЕРИТЕЛИ

Таб.28

| Р. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 31.12.2007 | Стр.% | 31.12.2008 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Долгорочни обврски | 81.544.000 | 13,0 | 81.042.000 | 13,6 | 99,4 |
| | - Долгор. обврс. по основ заеми и кредити | 81.544.000 | 13,0 | 81.042.000 | 13,6 | 99,4 |
| 2 | Краткорочни обврски | 545.571.000 | 87,0 | 516.865.000 | 86,4 | 94,7 |
| | - Краткор. обвр.спрема поврзани субјекти | 76.330.000 | 12,2 | 115.467.000 | 19,3 | 151,3 |
| | - Краткор. обвр. за аванси, кауции, депоз. | 1.308.000 | 0,2 | 256.000 | 0,0 | 19,6 |
| | - Краткор. обвр. спрема добавувачи | 157.773.000 | 25,2 | 105.147.000 | 17,6 | 66,6 |
| | - Останати краткорочни обврски | 310.160.000 | 49,5 | 295.995.000 | 49,5 | 95,4 |
| | * ДДВ | 275.532.000 | 43,9 | 252.234.000 | 42,2 | 91,5 |
| | В к у п н о : | 627.115.000 | 100,0 | 597.907.000 | 100,0 | 95,3 |

**Вкупните обврски на ЈСП СКОПЈЕ на 31.12.2008 год. изнесуваат 597,9 мил. ден. од кои 81 мил. ден. или 13,6% долгорочни обврски по основ кредити за основни средства и 516,9 мил. ден. или 86,4% краткорочни обврски, од кои најголеми се обврските за ДДВ 252,2 мил. ден или 42,2%.**

**ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ**

**Таб.29**

| | |
|---|---|
| **1. Кредит Влада РМ - главен долг** | **64.817.604,00** |
| **2. Кредит - Јапонска помош** | **16.668.530,00** |
| **В к у п н о** | **81.041.634,00** |

**1. Кредит Влада РМ**

**- одобрен - 1997 година**
**- вкупен износ - 6.800.000 ДЕМ**
**- рок на отплата -5 години, грејс период 2 год. и кам.стапка** Libor +3%.
**- намена -набавка на агрегати и други компоненти за изработка на 60 автобуси.**

**Основен должник е ЈСП, а Владата на РМ има издадено државна гаранција. Согласно евиденцијата на ЈСП отплатени се 147.172.123,00 денари, а преостанатиот главен долг со вклучени трошоци за активирана гаранција изнесува 68.320.556,00 денари плус процесна камата.**

**Отплата на кредитот**

**Таб.30**

| **Вкупен долг** | **215.492.678,00** |
|---|---|
| **Година** | **Отплата ( во денари)** |
| **1999** | **15.605.936,00** |
| **2000** | **31.238.481,00** |
| **2004** | **100.327.706,00 (компензација со Министерство за финансии за превози на раселени лица 2001)** |
| **Вкупно отплатено** | **147.172.123,00** |
| **Остаток на долг** | **68.320.556,00** |

**За овој кредит Државата- Министерство за финансии завел спор против ЈСП СКОПЈЕ по кој е донесена пресуда од <u>11-11-2004 год</u>. со која е досуден износ од 68.320.556,оо ден. со камата согласно Закон како и трошоци на постапката.**
**Доверителот МФ на РМ ја активираше извршната исправа во 2007 г. (блокирање на жиро-сметка) при што наплати <u>камати во износ од 3,2 милиони денари.</u>**
**ЈСП достави до МФ на РМ предлог отплатата на долгот да се изврши со компензација на побарувањата кои јавното претпријатие ги има спрема државата за превози на раселени лица од 2001-2004 год. (Владата признава 87 милиони денари за превози на раселени лица), а двете страни да се откажат од процесни камати. До денес МФ не одговори на предлогот на ЈСП.**

**2. Кредит - Јапонска помош**

**- одобрен - 1997 година**
**- вкупен износ - 43.264.080 денари**
**- рок на отплата -5 години, грејс период 2 год. и кам.стапка** Libor +3%.
**- намена -набавка на агрегати и други компоненти за изработка на 60 автобуси.**

**Отплата на кредитот**

**Таб.31**

| **Вкупен долг** | **43.264.080,00** |
|---|---|
| **Година** | **Отплата ( во денари)** |
| **1999** | **10.822.020,00** |
| **2000** | **2.936.965,00** |
| **2001** | **7.879.055,00** |
| **2002** | **5.408.010,00** |
| **Вкупно отплатено** | **27.040.050,00** |
| **Остаток на долг** | **16.224.030,00** |

**ЈСП подолго време се залага долгорочните обврски спрема државата да се компензираат со побарувањата за извршени превози на бегалци, меѓутоа од страна на државните органи нема позитивен одговор.**

## КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

**Субвенциите одобрени од Советот на Град Скопје значително ја подобрија ликвидноста на претпријатието и позитивно се одразија на платежната моќ на претпријатието што е видливо од намалувањето на краткорочните обврски спрема добавувачите. Во однос на претходната година тие се намалени за 52 милиони денари или за 33,4%, додека во однос на 2003 год. се намалени за близу 80 милиони денари или за 42,6%.**

| Година | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Краткор. обврски | 183.106.000 | 171.583.000 | 178.580.000 | 169.581.000 | 157.773.000 | 105.147.000 |

**Поголеми краткорочни обврски на крајот од 2008 год. се:**

| | |
|---|---|
| 1. Краткорочни обврски спрема добавувачи | 105.147.000 ден. |
| - Макпетрол ( нафта) | 42.233.000 |
| - Ем-Ел-Те (резервни делови) | 9.828.000 |
| - Кадекс (гуми) | 3.352.000 |
| - Југокомерцомерц (резервни делови) | 2.040.000 |
| - Технокомерц (резервни делови) | 1.885.000 |
| - Неотел (Интернет) | 1.881.000 |
| - Печатница 11 Октомври | 1.527.000 |
| - Останати добавувачи | 42.401.000 |

**2. Останати краткорочни обврски (ДДВ главен долг и камати)** — **295.995.000 ден.**

**- Обврски за ДДВ (главен долг)** — **252.234.000 ден.**

| | |
|---|---|
| *2003 | 24.492.000 |
| *2004 | 68.946.000 |
| *2005 | 71.247.000 |
| *2006 | 61.000.000 |
| *2007 | 49.847.000 |
| *2008 | -23.298 .000 |
| | 252.234.000 ден. |

**ПРЕГЛЕД НА ОБВРСКИ ПО ОСНОВ ДДВ НА ЈСП СКОПЈЕ ЗА 2008 ГОДИНА**

Таб.29

| Месец | ДДВ излезен промет | ДДВ влезен промет | Даночен поврат 2 - 3 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| I | 4.497.553 | 5.226.708 | -729.155 |
| II | 4.662.969 | 5.844.025 | -1.181.056 |
| III | 6.253.180 | 6.447.855 | -194.675 |
| IV | 3.987.947 | 5.917.063 | -1.929.116 |
| V | 3.732.814 | 6.883.774 | -3.150.960 |
| VI | 3.159.314 | 6.002.590 | -2.873.571 |
| VII | 2.899.031 | 5.330.391 | -2.541.943 |
| VIII | 3.205.643 | 5.602.333 | -2.396.690 |
| IX | 3.485.601 | 5.811.543 | -2.325.942 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| X | 4.511.317 | 6.658.775 | -2.147.458 |
| XI | 3.770.674 | 5.422.765 | -1.652.091 |
| XII | 6.188.662 | 6.887.567 | -698.905 |
| **Вкупно** | **50.354.705** | **72.035.389** | **-21.821.562** |
| **Платена обврска по основ на ДДВ :** | | | **-1.477.004** |
| **Вкупно намалување на обврската по основ на ДДВ за 2008 година :** | | | **-23.298.566** |

**Промената на стапката за ДДВ од 18% на 5% (од 28.09.2007 година) овозможи ЈСП СКОПЈЕ искористувајки го законско право за поврат на ДДВ, да ги намали обврските по овој основ.**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ

( во 000 ) Таб.30

| Позиција | 31.12.2007 | Зголемување | Намалување | 31.12.2008 |
|---|---|---|---|---|
| Запишан капитал | 53.296 | | | 53.296 |
| Акумулирана добивка / загуба | - 84.721 | 79.851 | | -4.870 |
| Пренесена загуба | | | -84.721 | -84.721 |
| Ревалоризациона резерва | 15.780 | | | 15.780 |
| Законски резерви | 8.840 | | | 8.840 |
| Вкупно капитал и резерви | -6.805 | 79.851 | - 84.721 | - 11.675 |

**Остварените загуби во изминатите години се покриваа на товар на сопствениот капитал. Загубите остварени во 2007 и 2008 год. се поголеми од запишаниот капитал за 11,7 милиони денари поради што изворите на средства во делот на капитал и резерви се со минусно салдо.**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК

(во 000) Таб.31

| ПОЗИЦИЈА | 31.12.2008 |
|---|---|
| **А) ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ** | |
| Усогласување за : | (221.534) |
| Загуба | (4.870) |
| Амортизација | 24.445 |
| Зголемување/намалување на залихи | 10.325 |
| Зголемување/намалување на побарувања од купувачи | 41.742 |
| Зголемување/намалување на побарувања за аванси | 42 |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни побарувања | 483 |
| Зголемување/намалување на АВР | 335 |
| Зголемување/намалување на обврски спрема добавувачи | (52.626) |
| Зголемување/намалување на обврски за примени аванси | (1.052) |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни обврски | 24.972 |
| Зголемување/намалување на ПВР | (265.330) |
| **Б) ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ** | (4.297) |
| Директни набавки (продажби) на нематеријални и материјални средства | (4.450) |
| Зголемување/намалување на долгорочни вложувања | |
| Зголемување/намалување на долгорочни побарувања | |
| Зголемување/намалување на краткорочни вложувања | 153 |

| | |
|---|---|
| **В) ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | **(502)** |
| **Зголемување на капиталот** | **0** |
| **Зголемување/намалување на долгорочни кредити** | **(502)** |
| **ЗГОЛЕМУВАЊЕ / НАМАЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА** | **(226.333)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОК НА ГОДИНАТА** | **290.526** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **64.193** |

**КВАЛИТАТИВНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО**

**Таб.32**

| Р.бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|
| | ***Показатели на економичноста*** | | |
| 1 | **Вкупен приход во однос на вкупни расходи** | 90,88 | 99,56 |
| 2 | **Однос на загубата за финансиската година и приходите од редовно и вонредно работење** | 10,03 | 0,44 |
| | ***Показатели на деловна ефикасност*** | | |
| 3 | **Денови на врзување на залихи - однос меѓу производот на вредноста на залихите и бројот на деновите во годината спрема приходите од редовното работење** | 28 | 21 |
| 4 | **Денови на врзување на побарувањата - однос меѓу производот на вредноста на побарувањата и бројот на деновите во годината спрема приходите од редовното работење** | 86 | 52 |
| | ***Показатели на финансиска стабилност*** | | |
| 5 | **Финансиска сигурност - капитал и резерви во однос на вкупната пасива** | -0,7 | -1,91 |
| 6 | **Степен на самофинансирање -капитал и резерви и долгорочни резервирања во однос на постојни средства и залихи** | -1,60 | -2,93 |
| 7 | **Степен на задолженост-вкупните долгови во однос на капиталот и резервите** | -9.215,70 | -5.121,53 |
| | ***Показатели на финансиска ликвидност*** | | |
| 8 | **Моментна ликвидност-парични средства и хартии од вредност во однос на краткорочни обврски** | 53,25 | 12,42 |
| 9 | **Тековна ликвидност-тековни средства намалени за залихи во однос на краткорочни обврски** | 89,83 | 41,35 |
| 10 | **Општа ликвидност-тековни средства во однос на краткорочни обврски** | 101,60 | 53,36 |

## V. ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА

**Во текот на 2008 година ЈСП СКОПЈЕ инвестираше во основни средства 3,7 милиони денари. Поголемиот дел од нив 66,4% или 2,5 мил. денари се однесува на рекаросирање на 17 автобуси од кои 13 се завршени во текот на годината. Во опрема инвестирано е вкупно 1,2 мил. денари или 33,6% од кои за набавка на компјутери и компјутерска опрема 985.000 денари или 26,6%, додека останатиот дел од 258.000 денари или 7% се однесува на набавка на разна опрема.**

**Планираните инвестиции во основни средства предвидени со Планот за работа и Инвестиционата програма за 2008 година се оценети како неопходни за обезбедување на**

**континуирано и квалитетно обавување на дејноста, меѓутоа нивната реализација е ограничена од финансиските средства кои можат да се издвојат за таа намена. Поради тоа, изминатите години се карактеризираат со постојан јаз помеѓу нивото на утврдените потреби за инвестирање и финансиските можности. Нецелосното реализирање на планираните инвестиции, негативно се рефлектира врз севкупните состојби и услови во кои ЈСП ја обавува основната дејност, особено преку физичкото и технолошко застарување на возниот парк, што директно влијае на квалитетот на транспортната услуга, а со тоа и врз севкупните резултати од работењето на Претпријатието.**

## ПРЕГЛЕД НА ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

**Таб.33**

| Ред. бр. | ИНВЕСТИЦИИ | Износ | Стр.% |
|---|---|---|---|
| I | ИНВЕСТИЦИИ ВО ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА | 2.459.000 | 66,4 |
| 1 | Рекаросирање на автобуси | 2.459.000 | 66,4 |
| II | ИНВЕСТИЦИИ ВО ОПРЕМА | 1.243.000 | 33,6 |
| 1 | Компјутери и компјутерска опрема | 985.000 | 26,6 |
| 2 | ВАП апарат | 109.000 | 2,9 |
| 3 | Апарат за заварување | 74.000 | 2,0 |
| 4 | Опрема за видео надзор | 30.000 | 0,8 |
| 5 | Канцелариски мебел-плакар | 19.000 | 0,5 |
| 6 | Фискална каса | 13.000 | 0,4 |
| 7 | Рачна радиостаница | 13.000 | 0,4 |
| | ВКУПНО ( I + II ) | 3.702.000 | 100,0 |

Инвестицијата за набавка на 300 нови автобуси ја превзеде Министерството за транспорт и врски, а тендерската постапка е во тек.

# VI. В Р А Б О Т Е Н И

## VI.1. СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ

**Со состојба на 31.12.2008 год. бројот на вработени во ЈСП СКОПЈЕ изнесува 1.297 што претставува зголемување за 3 вработени или за 0,2% во однос на претходната година ( 1.294 ). Во текот на годината претпријатието го напуштиле 33 работници, од кои најголем дел, 22 или 66,7% заминале по основ пензионирање, а се вработени 36 нови работници (2 работници со ВСС, 33 работници со ССС и еден работник со основно образование ).**

**Најголем број од вработените во ЈСП се ангажирани во превозните и ремонтно-сервисните услуги, при што најбројни се ВКВ-вработени со учество од 62,1% и ССС-вработени со 27,1%. Ваквата бројна и квалификациона структура е детерминирана од потребите за вршење на дејноста која бара ангажирање на голем број висококвалификуван и стручен кадар со кој ќе се обезбеди постојано и квалитетно одржување на превозните услуги.**

**Просечната старост на вработените во ЈСП изнесува 47 години, а просечно остварениот работен стаж 24 години. Со работен стаж до 20 год. се 336 вработени или 25,9% од вработените, а со работен стаж над 20 год. се 961 вработени или 74,1% од вработените.**

***БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО КВАЛИФИКАЦИИ СО СОСТОЈБА НА 31.12.2008 / 31.12.2007***

**Таб.34**

| Ред. бр. | Квалификација | 2007 | Стр.% | 2008 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ВСС | 67 | 5,2 | 67 | 5,2 | 100,0 |
| 2. | ВС | 41 | 3,2 | 43 | 3,3 | 104,9 |
| 3. | ССС | 335 | 25,9 | 352 | 27,1 | 105,1 |
| 4. | НСС | 22 | 1,7 | 22 | 1,7 | 100,0 |
| 5. | ВКВ | 822 | 63,5 | 805 | 62,1 | 97,9 |
| 6. | ПКВ | 6 | 0,5 | 7 | 0,5 | 116,7 |
| 7. | НКВ | 1 | 0,1 | 1 | 0,1 | 100,0 |
| | Вкупно | 1.294 | 100,0 | 1.297 | 100,0 | 100,2 |

**Граф.13**




## *СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ ПО КВАЛИФИКАЦИЈА, ПОЛ, СТАРОСТ И СТАЖ*

**31.12.2008 год.** **Таб.35**

| Ред. бр. | Квалификации | Вкупно | Стр. % | Жени | Стр. % | Мажи | Стр. % | Просечна старост | Просечен стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | В С С | 67 | 5,2 | 28 | 16,7 | 39 | 3,5 | 49 | 22 |
| 2 | В С | 43 | 3,3 | 3 | 1,8 | 40 | 3,5 | 50 | 27 |
| 3 | С С С | 352 | 27,1 | 120 | 71,4 | 232 | 20,5 | 47 | 23 |
| 4 | Н С С | 22 | 1,7 | 12 | 7,1 | 10 | 0,9 | 52 | 24 |
| 5 | В К В | 805 | 62,1 | 3 | 1,8 | 802 | 71,0 | 46 | 25 |
| 6 | П К В | 7 | 0,5 | 1 | 0,6 | 6 | 0,5 | 51 | 27 |
| 7 | Н К В | 1 | 0,1 | 1 | 0,6 | 0 | 0,0 | 46 | 23 |
| | ВКУПНО | 1.297 | 100,0 | 168 | 100,0 | 1.129 | 100,0 | 47 | 24 |

## *БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ СПОРЕД ОСТВАРЕНИОТ СТАЖ*

**31.12.2008 год. Таб.38**

| Квалиф. | до 5 г. | 06 до 10 | 11 до 15 | 16 до 20 | 21 до 25 | 26 до 30 | 31 до 35 | Над 36 | Вкупно | Стр.% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВСС | 7 | 4 | 1 | 6 | 19 | 18 | 9 | 3 | 67 | 5,2 |
| ВС | 1 | 1 | 2 | 1 | 17 | 5 | 7 | 9 | 43 | 3,3 |
| ССС | 24 | 31 | 9 | 43 | 117 | 65 | 24 | 39 | 352 | 27,1 |
| НСС | 0 | 4 | 0 | 1 | 9 | 2 | 3 | 3 | 22 | 1,7 |
| ВКВ | 34 | 46 | 67 | 52 | 221 | 168 | 92 | 125 | 805 | 62,1 |
| ПКВ | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 3 | 7 | 0,5 |
| НКВ | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0,1 |
| Вкупно | 67 | 86 | 80 | 103 | 385 | 258 | 136 | 182 | 1.297 | 100,0 |
| % | 5,2 | 6,6 | 6,2 | 7,9 | 29,7 | 19,9 | 10,5 | 14,0 | 100,0 | |
| | 336 | | | | 961 | | | | 1.297 | |
| | 25,9 | | | | 74,1 | | | | 100,0 | |

## VI.2. ИСКОРИСТЕНОСТ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ

**Вкупниот фонд на остварени часови за 2008 год. изнесува 2.798.360 часови и во споредба со минатата година е намален за 0,3% што се должи на намалениот просечен број на вработени. Во структурата на остварените часови преовладуваат ефективните часови со учество од 88,3%, додека учеството на неефективните часови изнесува 9,8%. Учество од 1,9% забележале часовите по основ боледување, неплатено и неоправдано отсуство.**

## ОСТВАРЕНИ ЧАСОВИ ВО ЈСП СКОПЈЕ

**Таб.39**

| Р. бр. | Е Л Е М Е Н Т И | 2007 | Стр.% | 2008 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Редовна работа | 2.089.477 | 74,4 | 2.102.325 | 75,1 | 100,6 |
| 2. | Продолжена работа | | | | | |
| 3. | Ноќна работа | 323.639 | 11,5 | 317.375 | 11,3 | 98,1 |
| 4. | Државни празници | 48.152 | 1,7 | 52.509 | 1,9 | 109,0 |
| I | Вкупни ефективни часови ( 1 + 4 ) | 2.461.268 | 87,7 | 2.472.209 | 88,3 | 100,4 |
| 5. | Годишни одмори | 236.613 | 8,4 | 240.068 | 8,6 | 101,5 |
| 6. | Боледување до 21 ден | 40.128 | 1,4 | 33.872 | 1,2 | 84,4 |
| II | Вкупни неефективни часови ( 5 + 6 ) | 276.741 | 9,9 | 273.940 | 9,8 | 99,0 |
| III | Вкупно платени часови ( I + II ) | 2.738.009 | 97,5 | 2.746.149 | 98,1 | 100,3 |
| 7. | Боледување над 21 ден | 68.364 | 2,4 | 52.020 | 1,9 | 76,1 |
| 8. | Неплатено отсуство | 237 | 0,0 | 90 | 0,0 | 38,0 |
| 9. | Неоправдано отсуство | 646 | 0,0 | 101 | 0,0 | 15,6 |
| IV | Вкупно останати часови ( 7+8+9 ) | 69.247 | 2,5 | 52.211 | 1,9 | 75,4 |
| V | Вкупно часови ( III+IV ) | 2.807.256 | 100,0 | 2.798.360 | 100,0 | 99,7 |

**Граф.14**

**ОСТВАРЕНИ ЧАСОВИ**



**Граф.12**

**Граф.15**




## VI.3. ИСПЛАТЕНИ ПЛАТИ

**Пресметаните и исплатените бруто плати за 2008 год. изнесуваат 441,3 мил. ден. и во споредба со минатата година се зголемени за 19,7%, што е резултат на зголемувањето на нето платите за 21,4% и на придонеси од плати за 19,7%. Порастот на платите е во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во РМ и Правилникот за изменување на Правилникот за начинот на утврдување на износот на средствата за исплата на плати.**

**Учеството на нето платите во вкупниот износ на бруто плати изнесува 62,3%, а во вкупните расходи 24,9%, додека даноците и придонесите од плати во бруто платите учествуваат со 37,7%, а во вкупните расходи со 15,1%.**

### СТРУКТУРА НА БРУТО ПЛАТИТЕ

**Таб.40**

| Р. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | 2007 | Стр.% | 2008 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I. | Бруто плати ( 1+2 ) | 368.561.000 | 100,0 | 441.299.000 | 100,0 | 119,7 |
| 1. | Нето плати | 226.313.000 | 61,4 | 274.845.000 | 62,3 | 121,4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | **Даноци и придонеси од плати-вкупно (2.1+2.2)** | **142.248.000** | **38,6** | **166.454.000** | **37,7** | **117,0** |
| | **2.1.Даноци од плати** | **24.094.000** | **6,5** | **25.020.000** | **5,7** | **103,8** |
| | **2.2.Придонеси од плати** | **118.154.000** | **32,1** | **141.434.000** | **32,0** | **119,7** |
| | **- инвалидско и пензиско** | **78.362.000** | **21,3** | **93.786.000** | **21,2** | **119,7** |
| | **- здравствено осигурување** | **33.878.000** | **9,2** | **40.570.000** | **9,2** | **119,8** |
| | **- прид. за вработување** | **5.914.000** | **1,6** | **7.078.000** | **1,6** | **119,7** |

**Во насока на пораст на личната потрошувачка (нето платите) позитивно делува намалувањето на персоналниот доход од 12% во 2007 г. и 10% во 2008 г.**

**Граф.16**




Граф.17



## ИСПЛАТЕНИ НЕТО ПЛАТИ

**Таб.41**

| Р.бр. | ЕЛЕМЕНТИ | 2007 | Стр.% | 2008 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Редовна работа | 121.657.000 | 53,8 | 147.609.000 | 53,7 | 121,3 |
| 2. | Ноќна работа | 17.377.000 | 7,7 | 20.365.000 | 7,4 | 117,2 |
| 3. | Државни празници | 4.321.000 | 1,9 | 5.526.000 | 2,0 | 127,9 |
| 4. | Годишни одмори | 12.638.000 | 5,6 | 15.913.000 | 5,8 | 125,9 |
| 5. | Стимули | 44.147.000 | 19,5 | 54.134.000 | 19,7 | 122,6 |
| 6. | Минат труд | 23.585.000 | 10,4 | 28.898.000 | 10,5 | 122,5 |
| 7. | Боледување до 21 ден | 2.588.000 | 1,1 | 2.400.000 | 0,9 | 92,7 |
| | ВКУПНО | 226.313.000 | 100,0 | 274.845.000 | 100,0 | 121,4 |

## ОСТВАРЕНИ ПРОСЕЧНИ НЕТО ПЛАТИ ПО КВАЛИФИКАЦИИ

**Таб.42**

| Р.бр. | Квалификации | 2007 | 2008 | Номинален индекс | Реален индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | НКВ | 6.757 | | | |
| 2. | ПКВ | 9.387 | 11.820 | 125,9 | 116,3 |
| 3. | ВКВ | 15.417 | 18.706 | 121,3 | 112,0 |
| 4. | НСП | 8.583 | 10.312 | 120,1 | 110,9 |
| 5. | ССП | 11.164 | 13.611 | 121,9 | 112,6 |
| 6. | ВС | 15.571 | 18.467 | 118,6 | 109,5 |
| 7. | ВСС | 20.264 | 24.773 | 122,3 | 112,9 |
| | Просек ЈСП | 14.379 | 17.478 | 121,6 | 112,2 |

**Просечно остварената нето плата по работник во ЈСП СКОПЈЕ за 2008 год. изнесува 17.478 ден. и во однос на минатата година бележи номинален раст од 21,6% и реален пораст од 12,2% (при пораст на трошоците за живот во РМ од 8,3%).**

**Според последниот статистички извештај од Државниот завод за статистика кој се однесува на 2008 год., просечно исплатената нето плата по работник во РМ изнесува 16.096 ден., со номинален пораст од 10,4% и реален пораст од 1,9%. Споредено со просекот во РМ, остварената просечна нето плата во ЈСП е поголема за 8,6%.**

**Специфичноста, сложеноста на работата како и отежнатите услови во кои се обавува дејноста налагаат повисока просечна плата од републичката, меѓутоа подолг период платата во ЈСП стагнира или се намалува. Во периодот од 1990 год. до 2008 година просечната нето плата во РМ бележи пораст од 405,8%, додека во ЈСП СКОПЈЕ од 316,4%.**

| Година | Нето плата ЈСП | Нето плата РМ | ЈСП +/- |
|---|---|---|---|
| 1990 | 4.197 | 3.182 | +31,9% |
| 1992 | 7.840 | 6.350 | +23,5% |
| 1994 | 9.156 | 7.754 | +18,1% |
| 1996 | 10.254 | 8.817 | +16,3% |
| 1998 | 10.663 | 9.394 | +13,5% |
| 2000 | 10.669 | 10.193 | +4,7% |
| 2003 | 12.405 | 11.824 | +4,9% |
| 2004 | 11.901 | 12.293 | -3,2% |
| 2005 | 12.641 | 12.597 | +0,3% |
| 2006 | 13.420 | 13.517 | -0,7% |
| 2007 | 14.379 | 14.584 | -1,4% |
| 2008 | 17.478 | 16.096 | +8,6% |
| Пораст 2008 / 1990 | 416,4% | 505,8% | |

## VII. ЗАКЛУЧНИ ОЦЕНКИ

**Работењето на ЈСП СКОПЈЕ во 2008 година се карактеризира со:**

- **Пораст на бројот на превезени патници за 13,1%.** После повеќегодишен тренд на намалување оваа година е забележан пораст на патниците што се должи на намалувањето на цената на превозот од ноември 2007 год. (поради намалената стапка на ДДВ од 18% на 5%). Остварената просечна цена по патник од 19,91 денари укажува на далеку пониската цена од цената кај директната конкуренција - приватните превозници кои возат по 25,00 денари. Порастот на патниците од 13,1% не обезбеди приход за целосно покривање на трошоците од работењето. Со оваа цена на превоз, а без субвенции, ЈСП ќе оствареше загуба од 145 милиони денари.
- **Позитивен ефект од намалената стапка на ДДВ. Промената на стапката на ДДВ овозможи остварување на даночен поврат од 23,2 милиони денари за кој износ во 2008 год. се намали главниот долг за ДДВ. Намалувањето на данокот на додадена вредност од** 18% на 5% придонесе за финансиско закрепнување на претпријатието меѓутоа поради огромните финансиски потрби за одржување на постојната мрежа на линии не може директно да доведе до позитивно финансиско работење или до драстично намалување на големиот даночен долг остварен во претходните пет години (во април 2003 год. даночната стапка за јавниот транспорт беше зголемена од 5% на 18%).
- **Иницијатива на Владата на Република Македонија за директна државна помош во капитални инвестиции. Владата на РМ на крајот од 2007 год. обезбеди 272 милиони денари за набавка на нови автобуси за ЈСП. Во текот на годината дозначениот износ беше повлечен, а тендерската процедура ја превзема Владата преку Министерството за транспорт и врски со распишување тендер за набавка на 300 нови автобуси. Тендерската постапка е во тек.**
- **Реализирани субвенции за тековно работење на ЈСП во износ од 140 милиони денари обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2008 год.** Советот на Град Скопје одобри субвенционирање на тековното работење на ЈСП во износ од 140 милиони денари (првично 90 милиони денари и со ребалансот на Буџетот дополнотелни 50 милиони денари). Финансиската помош од Градот помогна претпријатието да закрепне и финансиски се консолидира, а подобрената ликвидност доведе до значително намалување на обврските спрема добавувачите. Субвенциите учествуваат во вкупниот приход со 12,7% и ја надополнуваат просечната цена на ЈСП со 2,90 денари. Во 2008 год. вкупниот износ на бенефиции и попусти што ги одобрива ЈСП на своите корисници достигна износ од 260 милиони денари што значи дека субвенциите ги покриваат бенефицираните билети со 56%. Субвенционирањето на јавниот превоз е вообичаена пракса во светот каде процентот на субвенции се движи од 20% до 80%.
- **Одобрени средства од Град Скоје за воведување на АЛВ систем и електронска наплата во ЈСП, како и за поставување жолти пречки на сообраќајниците за непречено движење на автобусите на јавниот превоз.** Од технички и правни причини воведувањето на АЛВ системот со електронската наплата е пролонгирано. Неопходно е Град Скопје да воспостави еднакви услови во вршењето на превозот за сите превозници со воспоставување на единствен возен ред и единствен тарифен систем, а дури потоа да се воведе и единствен систем на наплата.

## ПРЕДЛОГ ЗАКЛУЧОЦИ:

**Генерална стратегија на ЈСП СКОПЈЕ е обезбедување максимално квалитетни транспортни услуги преку унапредување на организацијата на работењето, користење најнови достигнувања во јавниот транспорт и зачувување на животната средина со минимално загадување на околината како целна функција.**

**За остварување на оваа стратегија потребни се следните предуслови:**

- **Материјални - обнова на возниот парк и воведување на современи техничко-технолошки системи и средства**
- **Финансиски - обезбедување финансиска стабилност на претпријатието**
- **Правни - елиминирање на нелојалната конкуренција и имплементација на законските акти и правната регулатива на ЕУ во доменот на јавниот градски превоз (усогласување на домашната регулатива со прописите и регулативата на ЕУ)**

Обнова на возниот парк

**Возниот парк на претпријатието е застарен со просечна старост од над 18 години. Амортизациониот век на истите е истечен. Нивната употреба е доведена во прашање како од безбедносен аспект по грѓаните - корисници на превозот, така и од еколошки. Подеднакво голем е и проблемот со тековното одржување на возилата - поради староста на возилата производителите на возила веќе не произведуваат некои видови резервни делови. Неопходно е најитно да се реализира проектот за целосна обнова на возниот парк во рок и динамика која ќе ја утврдат Владата/Градот. Неопходна е интензивна соработка помеѓу централната и локалната власт со приоритетна цел – обезбедување на модерен, ефикасен и евтин јавен превоз за граѓаните на град Скопје.**

**Субвенционирање**

**Имајки предвид дека од основањето до денес ЈСП работи без финансиска помош, а истовремено субвенционира претплатни билети за превоз (бенефицирана цена) наспроти реалните транспортни трошоци, поради што не може да ги покрива трошоците на работењето со приходот од продажба на билети, потребно е да се обезбедат средства за субвенционирање на тековното работење на јавното претпријатие.**

**Со оглед дека висината на средствата за субвенции е во директна зависност од цената на претплатните билети за превоз кои учествуваат со 70% во вкупниот број на превезени патници, треба да се одреди месечен износ на субвенции. Со тој месечен износ, како и износот на остварениот месечен приход од продадени билети претпријатието ќе ги покрива трошците на тековното работење, односно ќе остварува проста репродукција. Доколку се зголемат влезните трошоци (нафта, масла, мазива, автобуски гуми, резервни делови) износот на субвенциите ќе треба дополнително да се корегира, соодветно на згоелмените трошоци.**

**Регулатива**

**Основните мерки кои без одлагање треба да се превземат се во доменот на регулативата и системските решенија што е во ингеренција на органите на државната и локалната власт, а се состојат од:**

- **елиминирање на нелојалната конкуренција, т.е. изедначување на условите на стопанисување за сите превозници со воспоставување на единствен возен ред, единствен тарифен систем и единствен систем на наплата (држава/град)**
- **усогласување на домашната регулативата со директивите и регулативата на ЕУ**
- **создавање правна рамка во Законот за превоз во патниот сообраќај со воведување прекршочна санкција – глоба за патници кои не платиле билет или го прекршуваат јавниот ред во возилото**
- **доследно применување на критериумите во постоечката Одлука за вршење јавен градски и меѓуопштински (приградски) превоз на патници според која ЈСП е единствен и ексклузивен превозник на сите градски и приградски линии, а приватни превозници можат да се вклучат како надополнување само на приградските линии со одобрение на ЈСП**

**Материјално – финансиска консолидација**

**Ѓ)** Компензација на дел од побарувањата на УЈП по основ на долг за ДДВ со **дел од побарувањата на ЈСП за раселени лица 2002-2004,** побарувањата на ЈСП по основ на бесправно одземени и продадени акции на ЈСП во Комерцијална Банка според нивната **пазарна вредност и** побарувањата на МТСП на РМ за превоз на внатрешно раселени лица за периодот јануари- октомври **2005** г. и јануари-ноември **2006**г.;
**Е)** Репрограмирање на останатиот долг на ЈСП кон УЈП и можност за негово редовно отплаќање во услови на повластена стапка на ДДВ.
**Ж) УЈП да престане со достава на опомени за ненамирен долг по основ на кои пресметува дополнителни трошоци од 10% и 5%, со оглед дека ЈСП не бил во состојба да го подмири даночниот долг поради неможност навреме да ги наплати побарувањата од државата.**

**ЈСП СКОПЈЕ**